Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2023 година

Скопје, јули 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2023 година**

Седницата започна во 12 : 40 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и д-р Крсте Шајноски, претседател на советот на експерти во Агенцијата за супервизија на осигурување.

Од седницата отсуствуваа м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и

администрација и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Усвојување на Записникот од 157-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 161-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јуни 2023 година**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за доставување на ИПА III секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 до Европска комисија, со прилози

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

- Информација за спроведените обуки, како и за процесот на спроведување на нови обуки за Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата

1. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист 1580, КП 2592/3 КО Морани), со Предлог-одлука

2. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Безбедносен договор меѓу Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Северна Македонија, со Нацрт-текст на Безбедносен договор

3. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија

за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на Договор

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 78/22 )

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.6086, КО Центар 1)

6. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

7. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Исеини против Северна Македонија А.бр.35172/22 и две други апликации (А.бр.37064/22 и А.бр.46627/22), со Предлог-одлука

8. Информација со препорачани решенија за зајакнување на координацијата во спроведувањето на мерките и активностите од областа антикорупциска политика, како и за зајакнување на координацијата во известувањето за спроведените мерки и активности од областа антикорупциска политика, со Предлог-одлука и Предлог-решение

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Кочани)

10. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/756 на Советот од 13 април 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/755 на Советот од 13 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

12. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/727 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/721 на Советот од 31 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за

рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

13. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/848 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да'еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/845 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/1686 за воведување дополнителни рестриктивни мерки насочени против ИСИЛ (Да'еш) и Ал Каеда и физички и правни лица, субјекти или тела поврзани со нив

14. Информација за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство

15. Предлог на закон за дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

16. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

18. Предлог на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

19. Кадровски прашања

20. Прашања и предлози

21. Информација за потребата од донесување на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка

22. Информација во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница-Штип, со предлог-решение (проект) за завршување на објектот изготвен од страна на Изведувачот, со прилози

23. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5025 за КО Илинден-вонград, на КП бр.197, викано место/улица „Птицоводна станица"

24. Информација за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство

25. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5015, за КО Илинден-вонград на КП бр.199

26. Информација со Иницијатива за задолжување за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурен проект-Коридор 8 и Коридор 10 Д

27. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.2410/19 со Записник од 19 јуни 2023 година за прва продажба на недвижност со усно јавно наддавање и Заклучок за втора усна јавна продажба за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65 за КО Шивец, Имотен лист бр.691 за КО Шивец и Имотен лист бр.4 за КО Дреново

28. Предлог на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој (*)

29. Информација за одржување на Третата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република

30. Информација во врска со подготовката и усогласувањето на документот „Систематска дијагностика на земјата“, во соработка со Светска банка

31. Извештај за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“, со усогласен текст на Договор

32. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20.6.2023 година до 26.6.2023 година

33. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 22 јуни 2023 година до 28 јуни 2023 година

34. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13.6.2023 година до 19.6.2023 година

35. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 20 јуни 2023 година до 26 јуни 2023 година

36. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 јуни 2023 година до 21 јуни 2023 година

*
*         *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2023 година и Записникот од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јуни 2023 година.

*
*         *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- Информација за доставување на ИПА III секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 до Европска комисија, со прилози

  Владата ја разгледа Информацијата за доставување на ИПА III секторските оперативни програми за периодот 2024-2027 до Европска комисија, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да го координира обезбедувањето на националното кофинансирање на корисниците на проекти во рамки на Секторската оперативна програма за животна средина и просторно планирање за 2024, 2025, 2026 и 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да го координира обезбедувањето на националното кофинансирање на корисниците на проекти во рамки на Секторската оперативна програма за транспорт за 2024, 2025, 2026 и 2027 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да го координира обезбедувањето на националното кофинансирање на корисниците на проекти во рамки на Секторската оперативна програма за работни места и можности за 2024, 2025, 2026 и 2027 година.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

- Информацијата за спроведените обуки како и за процесот на спроведување на нови обуки за Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата

  Владата ја разгледа Информацијата за спроведените обуки како и за процесот на спроведување на нови обуки за Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, ја усвои и ги задолжи носителите на извршни функции, задолжително да присуствуваат на обуките за Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, кои ќе бидат во координација на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, согласно следниот распоред:
  -5 и 7 јули 2023 година, како и втората половина на септември 2023 година.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист 1580, КП 2592/3 КО Морани), со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Безбедносен договор меѓу Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Северна Македонија, со Нацрт-текст на Безбедносен договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Безбедносниот договор меѓу Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Северна Македонија, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Безбедносен договор меѓу Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Северна Македонија.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Безбедносниот договор меѓу Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Северна Македонија, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 3**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и

Владата на Република Молдавија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 78/22 ).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.6086, КО Центар 1).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност и притоа заклучи:

1. Се укажува на Агенцијата за супервизија на осигурување во соработка со Министерството за финансии, во рок од 30 дена, да спроведе јавна расправа за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, во која ќе учествуваат стопанските комори, невладините организации, Организацијата за потрошувачи на Македонија, политичките партии, медиумите и други засегнати институции и за добиените мислења и забелешки да ја информира Владата.

2. Се укажува на Агенцијата за супервизија на осигурување во соработка со Министерството за финансии, во рок од две недели до Владата да достави предлог-модели за либерализација на осигурување од автомобилска одговорност.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Исеини против Северна Македонија А.бр.35172/22 и две други апликации (А.бр.37064/22 и А.бр.46627/22), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во вкупен износ од 5.700

евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето, односно на апликантот Африм Исеини (А.бр.35172/22) износ од 400 евра, на апликантот Бајрам Лиманов (А.бр.37064/22) износ од 3.300 евра и на апликантот Љупчо Лазарески (А.бр.46627/22) износ од 2.000 евра, кои треба веднаш да бидат исплатени, согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Исеини против Северна Македонија А.бр.35172/22 и две други апликации (А.бр.37064/22 и А.бр.46627/22).

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата со препорачани решенија за зајакнување на координацијата во спроведувањето на мерките и активностите од областа антикорупциска политика, како и за зајакнување на координацијата во известувањето за спроведените мерки и активности од областа антикорупциска политика, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата.

2. Го донесе Решението за престанок на важење на Решението за именување на раководител, членови и секретар на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

## Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Кочани).

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/756 на Советот од 13 април 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/755 на Советот од 13 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/727 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/721 на Советот од 31 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

## Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/848 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да'еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/845 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/1686 за воведување дополнителни рестриктивни мерки насочени против ИСИЛ (Да'еш) и Ал Каеда и физички и правни лица, субјекти или тела поврзани со нив.

## Точка 14

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Учесниците во правниот промет слободно го уредуваат облигациониот однос, а тоа значи дека постои една помала или поголема област во која волјата на учесниците формално, слободно се движи и се определува со одредени ограничувања, што се изразува со мислата дека облигационите односи се уредуваат во согласност со Уставот и законите.

Ваквите граници на слободата на уредувањето на облигационите односи, поставени се во материјата кај недозволеноста на предметот и основот на договорната обврска, кај ништовноста на договорите, како и кај недозволените услови на договорот. Но, слободата не е апсолутна, туку се движи во одредени граници кои што не секогаш се поставуваат произволно од страна на законодавецот. Во таа смисла е и слободата на страните сами да одлучат за засновање на еден облигационо-правен однос, да одлучат со кого тие ќе го засноваат, со каков вид на

договор и со каква содржина и во која форма ќе го склучат, а тоа да движи во рамките на Уставот и законите.

Во поглед на казнената и договорната камата, тие детално се регулирани со постојниот Закон за облигационите односи.

Казнена камата-должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, долгува покрај главниот долг и казнена камата по стапката утврдена со закон. Покрај тоа, доверителот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел штета поради должниковото задоцнување. Каматата, всушност, претставува цена која се плаќа за употребата на пари или за други заменливи предмети без тие да му се ставени некому на располагање или некој ги користи и без договор. Тој што должи камата не мора парите навистина да ги користи, доволно е да е во можност да ги користи или на некој начин, со неизвршување на својата обврска да спречи друго лице да ги користи.

За разлика од договорната камата, кај која обврската за плаќање на каматата и нејзината висина се определени со договор меѓу страните, обврската за плаќање кај казнената камата и нејзината висина се определуваат со закон и служи како санкција за ненавремено исполнување на обврската што со закон е предвидена со оглед на природата на парите како предмет на долгот.

Во поглед на договорната камата направени се интервенции во максималната висина на каматната стапка која што може да се определи со договор. Во таа насока е и измената во Законот која влезе во сила наредниот месец од донесувањето, со која е предвидено каматата на неплатениот долг да престане да расте кога ќе го достигне износот на главнината, односно каматата повеќе не смее да биде повисока од износот на долгот. Така, во член 389-а од Законот за облигационите односи гласи: „Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече“.

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите за определување на стапката на договорната камата. Имено, стапката на договорната камата страните договорно ја определуваат, но постои лимит кога престанува каматата да тече. Со оглед на одредбата од член 268 од Законот за облигационите односи, дека на стасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, не може да се договори да тече затезна камата, со одредбата од член 389 дадена е можност да се договори стапката на каматата да се зголеми доколку должникот не ја исплати стасаната камата навреме, но со единствено ограничување, истата да престане да тече кога ќе го досигне износот на главнината.

Со членот 2 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), се нагласува економската суштина на инфлацијата како вишок на агрегатната побарувачка, а од друга страна се потврдува дека пресудна улога во борбата против инфлацијата

имаат фискалната и монетарната политика. Успехот на овие две јавни политики се врзува токму со држењето на инфлацијата под контрола.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија со Одлука формираше Комисија која една година активно работи на изготвување Граѓански законик, кој е составен од пет дела (општ дел, стварно правни односи, облигационо правни односи, семејно правни односи и наследно правни односи).

Исто така, во „Книга 3: Облигационо правни односи" работната група направи соодветни измени во оваа насока кои се однесуваат конкретно на казнената камата.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, предложениот Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, е поднесен од овластен предлагач. Со предложеното законско решение се интервенира во членот 18, кој се однесува на начинот на наплатата на камата и законска казнена камата.

Притоа предлагачите, на местото на укинатиот став 2 од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со Одлука У.бр 04/2019 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.136/20), предлагаат нов став 2), со кој се утврдува начинот на пресметување, висината и наплатување на законска казнена камата. Воедно предлагачите со членот 2 од предложеното законско решение интервенираат и во сите започнати тековни постапки на присилно извршување, применувајќи го принципот на ретроактивност, спротивно на одредбите на членот 52 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, ставот 1 од членот 18 на Законот за извршување утврдува дека „Кога во извршната исправа е определена наплата на камата од должникот, истата се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот".

Смислата на споменатата законската одредба е да се прецизира дека за момент на наплата на долгот се смета легнувањето на средствата на посебната сметка на извршителот, а не трансферот на средствата од сметката на извршителот на сметката на доверителот.

Ова заради фактот дека тие два моменти на трансфер на средства се разликуваат. Имено, согласно член 149 од Законот за извршување, доколку има издадено налог за извршување врз парично побарување по сметка кај банка на физичко лице, извршителот е должен пристигнатите средства на посебната сметка да ги чува 15 дена по преносот. Доколку, пак, има поднесено приговор од која било страна, исплатата на средствата од посебната сметка на извршителот на сметката на доверителот ќе се изврши дури по правосилноста на решението на судот по приговорот.

Тие периоди за правосилност на судското решение некогаш одземаат и од пет до шест месеци. Со цел доверителот да не бара дополнителна камата за тој период, Законот прецизирал дека истата се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот.

Притоа, сосема е неспорно дека висината на каматата, договорна или законска казнена и периодот на пресметувањето е утврден во извршната исправа која ја спроведува извршителот. Извршните исправи се утврдени во членот 12 од Законот и извршителот е должен да го реализира по присилен пат она што должникот одбил да го изврши во роковите определени во извршната исправа.

Со предложеното законско решение, предлагачите воведуваат нова законска обврска за извршителите, тие да отстапат од реализација на извршната исправа и обврските утврдени во неа и спротивно од утврденото во извршната исправа да внимаваат за достигнатиот износ на законската казнена камата и истиот да не го наплатуваат, иако извршната исправа определила нешто поинаку. Тоа е спротивно на духот на законското решение, според кој во членовите 2, 3 и 4 е јасно утврдено дека:

„Член 2:
(1) Основа за извршување претставува извршната исправа.
(2) Извршувањето започнува по барање од доверителот.

Член 3:
(1) Извршителот го спроведува извршувањето.
(2) Извршителот не смее да го одбие спроведувањето на извршувањето, освен во случај ако се исполнети условите за негово изземање и ако има сознание дека за истата извршна исправа се спроведува извршување кај друг извршител.

Член 4:
Извршувањето заради остварување на парично побарување ќе се спроведе во обем што е потребен за намирување на тоа побарување.“.

Во однос пак на предложениот член 2 од Предлогот на закон со кој се предвидува ретроактивност на законското решение на сите започнати тековни постапки за присилно извршување, сосема е неспорно дека предложената одредба е спротивна

на членот 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, Уставот ја забранува ретроактивноста, освен по исклучок кога тоа е поповолно за граѓаните.

Предлагачите на Законот при подготовка на предложеното решение требале да извршат детална анализа на состојбата со присилното извршување во државата изминатите години, за да можат да ја детерминираат поповолноста за граѓаните во државата.

Министерството за правда, согласно Законот за извршување, изминативе 17 години (од кога постои системот на приватно извршување) е должно да ги следи состојбите во сферата, за што редовно ја известува Владата на Република Северна Македонија. Па така, состојбите укажуваат дека досега извршителите примиле 1.822.952 барања за присилно извршување на извршните исправи, а реализирале 37,40%, односно 681.960 барања, а во процес на извршување и понатаму се 1.140.992 барања за извршување.

Притоа, само во 2022 година примени биле 152.079 барања, што значи останатите приближно 1 милион барања по кои постапуваат извршителите, се од претходните 16 години и многу е веројатно дека висината на законските казнени камати утврдена во извршните исправи кои се предмет на присилните извршувања, би потпаднале под членот 2 на предложеното законско решение и целосно би се одразиле на правата на доверителите утврдени со судски правосилни одлуки или правосилни нотарски или управни акти и кои имаат реални очекувања да ги наплатат своите побарувања, со кои реализираат лични планови и потреби, или пак инвестиции и бизнис интереси.

Анализите покажуваат дека најголемиот процент на доверители во државата се правните лица (70-80%), 16% се физичките лица, а најмалку има државата. Ако се има предвид дека правните лица во претежниот дел се основани и се во сопственост на граѓаните на државата, се чини нелогично зошто предлагачите водат сметка само за правните интереси на граѓаните должници, а не и за правните интереси на граѓаните доверители. Токму ваквата дистинкција на граѓаните е противуставна и сериозно ќе го наруши концептот на сопственост, правна сигурност, економската стабилност, претприемништвото во државата и владеењето на правото во државата.

Неспорно е дека економската состојба на одреден број граѓани сериозно е загрозена со фактот дека станале предмет на присилно извршување, но што со другите граѓани кои веќе ги исплатиле своите долгови согласно извршните исправи, вклучувајќи ги тука и законските казнени камати. Тука се генерира сериозна нееднаквост на граѓаните, што во никој случај не може да се подведе под уставниот поим „поповолност“ како предуслов за оправдана ретроактивност на законското решение.

Проблемот на високите законски казнени камати се решава со други законски решенија, кои ќе важат од моментот на донесувањето/објавувањето на истите.

Имајќи го предвид сето понапред изнесено, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, кој сериозно би го нарушил концептот на владеење на правото во државата.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, предложениот закон е поднесен од овластен предлагач.
Со предложеното законско решение се интервенира во членот 18, кој се однесува на начинот на наплатата на камата и законска казнена камата.

Предлагачите, на крајот на реченицата на првиот став, точката ја заменуваат со запирка и додаваат зборови во однос на моментот на прекин за пресметување на неисплатената камата.

Притоа, ставот 1 на членот 18 на Законот за извршување утврдува дека „Кога во извршната исправа е определена наплата на камата од должникот, истата се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот".

Смислата на спомената законската одредба е да се прецизира дека за момент на наплата на долгот се смета легнувањето на средствата на посебната сметка на извршителот, а не трансферот на средствата од сметката на извршителот на сметката на доверителот. Ова заради фактот дека тие два моменти на трансфер на средства се разликуваат.

Имено, согласно член 149 од Законот за извршување, доколку има издадено налог за извршување врз парично побарување по сметка кај банка на физичко лице, извршителот е должен пристигнатите средства на посебната сметка да ги чува 15 дена по преносот. Доколку пак има поднесено приговор од било која страна, исплатата на средствата од посебната сметка на извршителот на сметката на доверителот ќе се изврши дури по правосилноста на решението на судот по приговорот. Тие периоди за правосилност на судското решение некогаш одземаат и

5-6 месеци. Со цел доверителот да не бара дополнителна камата за тој период, законот прецизирал дека истата се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот.

Притоа, сосем е неспорно дека висината на каматата, договорна или законска казнена и периодот на пресметувањето е утврден во извршната исправа која ја спроведува извршителот. Извршните исправи се утврдени во членот 12 од Законот и извршителот е должен да го реализира по присилен пат она што должникот одбил да го изврши во роковите определени во извршната исправа.

Со предложеното законско решение, предлагачите воведуваат нова законска обврска за извршителите, тие да отстапат од реализација на извршната исправа и обврските утврдени во неа и спротивно од утврденото во извршната исправа да внимаваат за достигнатиот износ на неисплатената камата (притоа занемарувајќи го фактот дека таа секогаш има 2 компоненти: договорна и законската казнена камата) и истиот да не го наплатуваат, иако извршната исправа определила нешто поинаку. Тоа е спротивно на духот на законското решение, според кој во членовите 2, 3 и 4 е јасно утврдено дека:

„Член 2
(1) Основа за извршување претставува извршната исправа.
(2) Извршувањето започнува по барање од доверителот.

Член 3
(1) Извршителот го спроведува извршувањето.
(2) Извршителот не смее да го одбие спроведувањето на извршувањето, освен во случај ако се исполнети условите за негово изземање и ако има сознание дека за истата извршна исправа се спроведува извршување кај друг извршител.

Член 4
Извршувањето заради остварување на парично побарување ќе се спроведе во обем што е потребен за намирување на тоа побарување. “.

Проблемот на високите камати, договорни и законски казнени камати се решаваат со други законски решенија, кои важат од моментот на донесувањето /објавувањето на истите.

Имајќи го предвид сето понапред изнесено, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење на предложеното законско решение во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, кое сериозно го нарушува концептот на владеење на правото во државата.

## Точка 18

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, се гарантира правото на жалба во областа на управна постапка и постапка од работен однос и правото на жалба во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка: ефикасност, економичност и стручност во решавањето на жалба во областа на управната постапка и постапка од работен однос во втор степен и решавањето на жалба во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Понатаму, со Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година, во одделот на стратегијата 5. Реформи во посебни области, во стратешката цел 5.3. Прекршочно-правна област, стратешка насока 5.3.3. Подобрување на ефикасноста на прекршочната постапка, е утврдена мерката 5.3.3.-1 Анализа за состојбата поврзана со двостепеност на прекршочната постапка, со посебен осврт на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен по прекршоци и инспекциски надзор.

Во периодот 11-14 јуни 2018 година се реализираше Оценската мисија на Европската комисија за управни постапки и правда. Во извештајот Европската комисија препорачува поедноставување на системот на одлучување по жалби, преку намалување на институциите кои одлучуваат по жалби, со поедноставена административна постапка, преку унапредување на организацијата на работата на Комисијата.

Во мај 2019 година е донесен новиот Закон за прекршоци со кој се уредуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се пропишуваат прекршочните постапки. Во истиот закон е предвидена временската рамка за поднесување на жалби до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка до 31.12.2020 година, а истовремено е утврдено дека предметите кои нема да бидат завршени до рокот 31.12.2020 година ќе бидат предадени и ќе продолжат пред Управен суд.

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 јуни 2021 година го утврди Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од

работен однос во втор степен. Начелата на кои се заснова Предлогот на закон се истите на кои се заснова Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Предлогот на закон го утврдува преносот на надлежностите од Државната комисија за одучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и формирање на единствена Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, составена од претседател и седумнаесет членови кои функцијата ја извршуваат професионално, а претседателот и членовите на новата единствена Државна комисија ќе продолжат да ја вршат функцијата професионално се до истекот на мандатот согласно законот со кој се избрани. Истиот е се уште во Собраниска процедура и не е донесен.

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, предложен од група пратеници, се предлага додавање на нов став заради продолжување на мандатот на претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се до именување на нов претседател и членови.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење во однос на Предлогот на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## <u>Точка 19</u>

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за претседател и членови на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да ги именува:

а) за претседател
-Марко Бислимоски

б) за членови:
-Александар Чаботарев
-Фатон Амбари и
-Мерита Дема

2. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за претседател и членови на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да ги именува:

а) за претседател
-Максуд Али (професионално ангажиран)

б) за членови:
-Дарко Саздов (професионално ангажиран)
-Борче Божиноски и
-Марина Макенациева

3. Владата ја именува Наташа Пеливанова за член на Комисијата за жалби.

4. Владата ги симна од Дневен ред предлозите под реден број 1. „Момчило Лазаревски и Јован Настевски да ги именува за в.д. членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.“, под реден број 2. „Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, Ендрин Кадриу да го именува за вршител на должноста директорот на ЈП Национална радиодифузија.“ и под реден број 4. „За в.д. членови на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица''-Пробиштип, да ги именува:

-Киро Кировски
-Марија Андонова-Стоименова
-Ленче Рунтева
-Кристина Стојанова
-Марија Петковска“.

## Точка 20

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-11066/3 од 9 декември 2022 година.

**2.** Владата го разгледа и го усвои Планот за користење на рачно преносливи компјутери-таблети, доставен од Државниот завод за статистика.

**3.** Владата во врска со Јавниот повик бр.01/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, ги донесе следните заклучоци:

1) Да ја запре постапката поврзана со Јавниот повик бр.01/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, со оглед дека на почетокот дејствијата што требале да се преземат

согласно подзаконскиот акт биле задоцнети за да се спроведе законита постапка за административна селекција.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во најкраток можен рок повторно да објави јавен повик и истовремено со денот на објавата на повикот да ја извести Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, со цел навремено спроведување на фазите во постапката за селекција.

3) Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја усогласи донесената Процедура за спроведување на постапка за именување и разрешување на членови на управни и надзорни одбори на јавни претпријатија, бр.15-5169/1 од 26.5.2023 година со Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/22).

**4.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за данок на солидарност, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-1342/3 од 1 февруари 2023 година.

**5.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 41-11087/3 од 9 декември 2022 година.

## <u>Точка 21</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија-Канцеларија за поврат на имот, Основното јавно обвинителство Скопје, Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд Скопје, Управниот суд, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од пет дена до

Министерството за правда да доставаат номинации за член на работна група за подготовка на предлог на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка.

2. Се задолжува Министерството за правда во рок од 10 дена да формира работна група за подготовка на предлог на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, чиј претседател ќе биде заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, со номинираните претставници од следните институции: Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за правда, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија-Канцеларија за поврат на имот, Основното јавно обвинителство Скопје, Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд Скопје, Управниот суд, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, двајца претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и истакнат правник од редот на науката.

3. Се задолжува Министерството за правда, најдоцна до 1 декември 2023 година до Владата да достави предлог на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, согласно европските и меѓународни стандарди.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница-Штип, со предлог-решение (проект) за завршување на објектот изготвен од страна на изведувачот, со прилози, и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за здравство, проектната единица и надзорот во рок од 42 дена да подготват „Проект на изведена состојба" (пресек).

2. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Бирото за јавни набавки, откако ќе се достави „Проект на изведена состојба", да подготви нова тендерска документација и да објават јавна набавка во рок од 30 дена.

3. Се задолжува Министерството за здравство, откако ќе достави Нацрт-тендерска документација, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за повеќегодишна јавна набавка, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5025 за КО Илинден-вонград, на КП бр.197, викано место/улица „Птицоводна станица“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда најдоцна до 1 септември 2023 година да ја информира Владата за законските прописи кои важеле за предметот II КОК бр.75/08 на Основниот кривичен суд Скопје, согласно кои надлежни државни органи требале да постапат во роковите согласно важечкиот закон, постапувањето на Министерството за правда по наведениот предмет, како и преглед на постојното законодавство за спроведување на потребни дејствија од надлежни државни органи во постапка за извршување на правосилна судска пресуда со која е конфискуван имот и имотна корист во странство.

2. Се задолжува Министерството за правда најдоцна до 1 септември 2023 година да предложи начин на кој ќе се прецизира постапувањето и одговорноста на надлежните државни органи во постапки за извршување на правосилна пресуда со која се врши конфискација во земјата и во странство.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5015, за КО Илинден-вонград на КП бр.199 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата со Иницијатива за задолжување за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурен проект-Коридор 8 и Коридор 10 Д, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да пристапи кон преговори со развојната банка на Соединетите Американски Држави-Ексим банк (EXIM bank) во насока на обезбедување на заем/гарантиран заем во износ до 500 милиони еур/усд за финансирање на изградбата на инфраструктурниот проект-Коридор 8 и Коридор 10 Д.

## Точка 27

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.2410/19 со Записник од 19 јуни 2023 година за прва продажба на недвижност со усно јавно наддавање и Заклучок за втора усна јавна продажба за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65 за КО Шивец, Имотен лист бр.691 за КО Шивец и Имотен лист бр.4 за КО Дреново и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 28

Владата го разгледа Предлогот на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Гоце Георгиевски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Третата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во рок од три дена да назначи претставник, кој ќе учествува во дискусија на точка 9.2 во рамки на Третата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата во врска со подготовката и усогласувањето на документот „Систематска дијагностика на земјата“, во соработка со Светска банка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со

економските ресори и инвестиции, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа и Министерството за правда, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да доставаат коментари и забелешки до Министерството за финансии по однос на документот систематска дијагностика на земјата најдоцна до 10 јули 2023 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација Министерството за локална самоуправа и Министерството за правда, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, соодветно да се подготват за тематската седница на Владата закажана за 18 јули 2023 година и да презентираат свои видувања за документот „Систематска дијагностика на земјата“, како и да дадат предлози за реформи и приоритети кои може да бидат дел од новата рамка за партнерство на Република Северна Македонија со Светска банка во следниот четиригодишен период (2024-2028).

**Точка 31**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“.

2. Се определува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“.

**Точка 32**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20.6.2023 година до 26.6.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 22 јуни 2023 година до 28 јуни 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13.6.2023 година до 19.6.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 20 јуни 2023 година до 26 јуни 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 јуни 2023 година до 21 јуни 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**